Образец бр. 2

**Иницијална проценка на влијание на регулативата за Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучавата во животната средина**

**Чекор 1: Опис на проблемите, целите што ќе се остварат со нивно решавање и можните опции за решавање на проблемите**

1. **Опис на проблемите**

Главната причина за пристапување кон дополнување на Законот за заштита од бучава во животна средина е усогласување со утврдените мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.
Како главни проблеми за кои се јави потреба од измена и дополнување на овој закон е потребата од имплементирање на мерка која се однесува на воведување на постапка за едукација со укажување за субјектите со врачување покана за едукација за сторена неправилност проценети со незначителна опасност, на начин со кој субјектите без поведувањето на прекршочната постапка се повикуваат да посети едукација организирана од надлежниот инспектор. Со ова се смета дека со воведувањето на едукација за субјектите ќе се постигне целта за надминување на последиците од сторената неправилност и ќе му се даде можност на физичкото односно правното лице да го корегира своето однесување без при тоа да биде казнет за сторената неправилност. Целта на воведувањето на постапката за едукација е избегнување на казнувањето за одредени неправилности за кои претходно може да се спроведе едукација.
Со воведување на членот 51-б ќе се постигне поголем увид на јавноста во спроведените надзори и увиди на инспекторите и со тоа истите ќе бидат обврзани да изготвуваат каквартални извештаи и кои ќе бидат објавени на веб страната на министерството.

2. **Опис на целите што се планираат да се постигнат со решавање на проблемите**

Со усвојувањето на Предлог Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на бучавата во животната средина се очекува да се постигнат следните цели:

- Унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија.

- Преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата,

- Зголемување на ефикасноста во спроведување на Законот за заштита на бучавата во животната средина;

- Отстранување или намалување на штетните ефекти кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина ;

3. **Идентификација на можни решенија (опции)**

***Опција 1:*** Не прави ништо. Опцијата "не прави ништо" се користи како параметар за споредба на трошоците и користите од останатите опции (baseline);

***Опција 2:***; Донесување на упатство или друг акт со кој ќе се даде насока за подобро спроведување на законот; и

***Опција 3:*** Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на бучавата во животната средина и усогласување со утврдените мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија

**Чекор 2: Идентификација на трошоци, придобивки и влијанија**

**Предложено решение (опција):**

Според направената анализа за решавање на горенаведените проблеми преферирано решение е Опцијата 3 .

Опис:

Опцијата 3 предвидува Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита од бучавата во животната унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, ќе се постигне преку воведување на постапка за едукација чија цел е избегнување на изрекувањето на глобата.

Со дополнувањата ќе се олесни примената на Законот за заштита од бучава во животна средина со што ќе се овозможи да се намали бројот на поведени прекршочни постапки како и ќе се намалат трошоците кои се појавуваат со водење на постапките. Со примена на постапката за едукација се овозможува субјектите кои за прв пат сторуваат определена неправилност, со спроведување на постапката за едукација да им се овозможи да се избегне наплата на глоба односно за сторената неправилност исиот да биде едуциран и да ги острани последниците од истата, со што ќе се избеген и поведувње прекршочна постапка, пред Прекршочна комисија

Со донесувањето на овој предлог закон, се очекуваа да се постигнат следните цели:

Основни цели се:

- Преземање мерки и активности за избегнување, спречување или намалување на бучавата,
- Зголемување на ефикасноста во спроведување на Законот за заштита на бучавата во животната средина;
- Отстранување или намалување на штетните ефекти кои се последица од изложеноста на бучавата во медиумите и областите на животната средина

1. Трошоци

**- Дали опцијата предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци? Ако да, наведи ги формалностите.**

Предложеното решение не предвидува воведување на нови формалности во смисла на обврска за правните или физичките лица да обезбедат уверенија, пријави, решенија, одобренија, овластувања, согласности, сертификати, дозволи, барања, изјави и други обрасци.

**- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за министерствата, другите органи на државната управа? Ако да, образложи ги трошоците.**

Предложеното решение не предизвикува иницијални трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

**- Дали опцијата ќе предизвика континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа. Ако да, образложи ги трошоците.**

Со донесувањето на овој предлог закон нема да се предизвикуват континуирани трошоци за министерствата и другите органи на државната управа.

**- Дали опцијата ќе предизвика иницијални трошоци за правните или физичките лица? Ако да, образложи ги трошоците.**

Предложеното решение нема да предизвикува иницијални трошоци за правните и физичките лице.

**- Дали опцијата ќе предизвика оперативни трошоци за правните или физичките лица. Ако да, образложи ги трошоците.**

Предложеното решение нема да предизвикува оперативни трошоци за правните и физичките лице.

2. Придобивки

- Опис и опсег на финансиските придобивки за засегнати страни

Предлог законот не обезбедува директни финасиски придобивки за засегнатите страни.

- Други нефинансиски придобивки за засегнати страни

Главна нефинанскиска придобивка се однесуваат во воведувањето на постапката за едукација со која ќе се овозможи претходно укажување и едуцирање на засегнатите страни за одредени неправилности пред пристапување на изрекување на глоба.

3. Ризици и претпоставки

Доколку не се донесе овој закон се претпоставува дека ќе биде зголемен бројот на прекршочните постапки, кое од една страна ќе доведе до зголемување на трошоците за водење на постапките, како и финансиско оптоварување на субјектите за плаќање на изречените глоби.

Доколку не се донесе овој закон нема да се спроведат наведените мерки за унапредување на казнената политика кои би требало позитивно да влијаат на подобрување на бизнис климата.

4. Останати влијанија

| **Тип на влијание проценето во проценка на влијание на регулативата** | | **Анализи приложени во прилог** |
|---|---|---|
| Влијание врз националната конкурентност | НЕ | НЕ |
| Влијание врз социјално исклучените и ранливи групи | НЕ | НЕ |
| Влијание и ефекти на регулативата врз родовите аспекти и еднаквоста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз животната средина | ДА | НЕ |
| Влијание/значителна политичка промена на пазарната економија вклучувајќи испитување на влијанието врз потрошувачите и конкурентноста | НЕ | НЕ |
| Влијание врз правата на граѓаните | НЕ | НЕ |
| Дали предложените решенија вклучуваат значителни тешкотии за усогласување | НЕ | НЕ |

Чекор 3: Консултации

Предлог Законот измнување и дополнување на законот за заштита од бучавата во животната средина е  доставен мислење кај следните органи на државната управа:

- Министерство за правда;
- Министерство за финансии;
- Секретаријат за законодавство;
- Влада на Република Македонија

Од горенаведените органи е добиено позитивно мислење за предложените измени и дополнувања на законот.

## Резиме на иницијалната проценка на влијание на регулативата

1. Краток осврт на преферираното решение/опција:

Согласно спроведените анализи, Министерството за животна средина и просторно планирање како преферирано решение ја прифати третата опција.

Имено Опцијата 3 предвидува Донесување на Закон за изменување и дополнување на Законот за заштита на бучавата во животната средина и усогласување со утврдените мерки за унапредување на казнената политика и подобрување на бизнис климата во Република Македонија, ќе се постигне преку воведување на постапка за едукација чија цел е избегнување на изрекувањето на глобата.
Со дополнувањата ќе се олесни примената на Законот за заштита од бучава во животна средина со што ќе се овозможи да се намали бројот на поведени прекршочни постапки како и ќе се намалат трошоците кои се појавуваат со водење на постапките. Со примена на постапката за едукација се овозможува субјектите кои за прв пат сторуваат определена неправилност, со спроведување на постапката за едукација да им се овозможи да се избегне наплата на глоба односно за сторената неправилност исиот да биде едуциран и да ги острани последниците од истата, со што ќе се избеген и поведувње прекршочна постапка, пред Прекршочна комисија

2. **Имиња и презимиња на лицата одговорни за подготовка на иницијалната проценка на влијанието на регулативата и предлог законот:**

    - Јадранка Иванова, Раководител на Секторот за ЕУ;
    - Тања Пауновска, раководител на Одделение во Секторот за ЕУ

3. **Повереници на Владата на Република Македонија кои ќе се вклучат во презентирање на предлог законот во Собранието на Република Македонија:**

    - Др. Неџати Јакупи, министер за животна средина и просторно планирање;

    - Д-р. Соња Лепиткова, заменик министер за животна средина и просторно планирање;

    - Лидија Зафировска, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање;

    - Јадранка Иванова, Раководител на Секторот за ЕУ.

**Изјава од министерот**
**за иницијалната проценка на влијание на регулативата**

Изјавувам дека предложениот материјал за иницијална проценка на влијанието на регулативата/ предлог закон

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Нема влијание | врз Буџетот на Република Македонија во висина поголема од 600.000.000 денари. |
| 2. | Нема влијание | врз усогласеноста со законодавството на Европска Унија. |
| 3. | Нема влијание | врз постапките или работењето на јавната администрација / врз судството при работа со странки (правни и физички лица) или задолжување на странките од јавната администрација со дополнителен административен товар. |
| 4. | Нема влијание | врз економијата и врз обемот на државна помош. |
| 5. | Има влијание | врз животната средина. |
| 6. | Нема влијание | врз социјалната положба на граѓаните. |

| | | |
|---|---|---|
| 7. | Направено е претходно објавување на текстот на предлогот за донесување на закон во Единствениот електронски регистар на прописи и јавно се спроведени консултации со заинтересирани страни.<br><br>Датум на објавување: 24.06.2010 година<br>Вклучени организации и претставници:<br>Свое мислење дадоа следниве организации: | ДА |
| 8. | Сите забелешки и предлози од заинтересираните страни се земени во предвид. | ДА/НЕ |
| 9. | Предлог законот е лекториран. | НЕ |
| 10. | Спроведени се меѓуресорски консултации. | ДА |
| 11. | Дали предлог законот предвидува управна постапка? | НЕ |
| 12. | Доколку предлог законот предвидува управна постапка, дали може да се вгради начелото “молчењето значи одобрување“? | НЕ |

**Изјава од министерот**

Јас, ***Др. Нецати Јакупи,*** изјавувам дека ја проучив Иницијалната проценка на влијанието на регулативата и сметам дека дава реален преглед на очекуваните придобивки и потребните трошоци врзани со секоја од идентификуваните опции за решавање на проблемот.

Потпис на министерот:

……………………………………………………………………… Датум: